Врз основа на член 58 став 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19**

**Член 1**

Во Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/20, 63/20, 64/20, 66/20, 70/20 и 72/20), во член 1, став 1:

По точка 12 се додава нова точка 12.а, која гласи:

“ 12.а Се ограничува извозот на економските оператори и производителите на заштитни маски од Република Северна Македонија во количина која нема да надминува 80 проценти од просечното дневно производство на заштитни маски од хартија, целулозна вата или целулозни влакна со тарифна ознака 4823 90 85 и маски пластични со текстилен филтер со тарифна ознака 6307 90 98 00. При секој извоз на заштитни маски кон царинската декларација се приложува Изјава од извозникот и производителот дека во секој момент во магацините односно складовите располага со 20 проценти од просечното дневно производство на заштитни маски, која количина е наменета исклучиво за потребите на домашниот пазар.“

Точката 26. се менува и гласи:

“ 26. Се забранува собирање во групи на повеќе од две лица, во паркови и на други јавни места и површини. “

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.44-2147/7**
**6 април 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**